Република Северна Македонија
Единица на локалната самоуправа
Бр. 09-5578/1
07.04.2023
Охрид

Врз основа на член 22 став 1 точка 8, член 50, став 1 точки 4 и 16 од Законот за локална самоуправа „(Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 44 и 45 од Законот за основно образование, член 24–а став 3, 4 и 5 и член 24-б став 2 од Законот за средно образование, член 15 став 1 точка 8 и член 34 став 1 точки 3 и 15 од Статутот на општина Охрид, како и Одлука за усвојување на програмски документ број 08-9420/3 од 12.07.2022 година, донесена од страна на Советот на општина Охрид, Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК

## за начинот, постапката, условите и критериумите за доделување на парични награди за постигнати успеси на учениците и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во општина Охрид како и избор на првенец на генерацијата

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, постапката, условите и критериумите за доделување на парични награди за постигнати успеси на учениците и нивните ментори од основните и средните училишта во општина Охрид како и избор на првенец на генерацијата.

## 1.Општи одредби

### Член 2

Општина Охрид за учебната 2022/23 година дополнително ќе го вреднува остварениот успех на учениците на натпреварите во знаење кои се организираат по наставните предмети. За таа цел ќе додели парични награди за учениците и нивните ментори, согласно насоките содржани во програмскиот документ број 08-9420/3 од 12.07.2022 година,донесен од страна на Советот на општина Охрид.

Наградите ќе се однесуваат за следните категории:

-За освоено прво место на државен натпревар во знаење по наставен предмет ќе се доделува еднократно по 10.000 денари за ученикот и неговиот ментор;

- За освоено второ место на државен натпревар ќе се доделува по 7000 денари за ученикот и неговиот ментор;

- За освоено трето место на државен натпревар ќе се доделува по 4000 денари за ученикот и неговиот ментор;

- За освоено прво место на меѓународни натпревари ќе се доделува еднократно по 18.000 денари за ученикот и неговиот ментор;

- За освоено второ место на меѓународен натпревар ќе се доделува по 15.000 денари за ученикот и неговиот ментор;

- За освоено трето место на меѓународен натпревар ќе се доделува по 12.000 денари за ученикот и неговиот ментор;

- Ќе се додели и награда за „Првенец на генерацијата„ во основните и средните општински училишта. По изборот согласно процедурите на ученикот ќе му биде исплатена награда во вредност од 10.000,00 денари

- Неспорно е правото еден ученик да биде награден со повеќе парични награди доколку исполнува услови како учесник на повеќе натпревари а следува парична награда и за секој ментор со кој истиот ученик работел. Доколку ученикот паралелно биде избран за ученик на генерацијата му следува и таа награда независно дали добил награда по основ постигнати успеси на натправари.

## 2. Услови за доделување на наградите

### Член 3

Наградите им следуваат на учениците кои:

- Учат во општинските основни и средни училишта во општина Охрид;
- Успехот го постигнале во учебната 2022/23 година;
- Освоиле поединечно прво, второ или трето место на државен или меѓународен натпревар во знаење, по наставните предмети;

### Член 4

Државниот натпревар мора да биде организиран во согласност со член 44 став 1, 2 и 3 од Законот за основно образование и член 24-а став 3, 4 и 5 од Законот за средно образование односно организатор треба да биде акредитирано здружение на наставници а ученикот учеството на државниот натпревар задолжително да го обезбедил врз основа на резултатите постигнати на општинскиот и регионалниот натпревар;

### Член 5

Според член 45 став 2 од Законот за Основно образование и член 24-б од Законот за средно образование „под меѓународен натпревар се подразбира натпревар на кој учествуваат ученици од најмалку десет различни држави, на кој се споредуваат знаењата помеѓу учениците од различните држави, се врши рангирање на најдобрите ученици од сите земји кои учествуваат". Ученикот на меѓународен натпревар може да учествува исклучиво како резултат на постигнат успех на државен натпревар.

### Член 6

Награди во иста вредност како и на ученикот следуваат и за неговиот ментор кој официјално при пријавувањето на ученикот е пријавен за негов ментор. Доколку во подготовките за натпреварот од било која причина се случила промена на менторот наградата ќе се подели на двајцата ментори. Училиштето мора да има цврст доказ и преглед кој бил ментор на ученикот.

### Член 7

Награди не следуваат за учениците кои:

- Не учат во општинските основни и средни училишта во општина Охрид;

- Не ги исполнуваат условите од член 3, 4 и 5 од овој правилник;
- Постигнале успех на спортски, литературни, ликовни, музички и останати натпревари;
- Постигнале успех на групни натпреварувања;
- Постигнале успех на натпревари кои се спроведуваат по електронски пат на далечина;
- Самоиницијативно се пријавиле и учествувале на државни или меѓународни натпревари;

**Член 8**

Првенец на генерацијата избира училиштето согласно неговите интерни процедури. Првенецот на генерациата е ученикот кој постигнал врвни резултати во своето целокупно образование и достојно го претставувал училиштето во текот на неговото образование.

Задолжително првенецот на генерација мора да биде избран од страна на наставничкиот совет на училиштето и мора само еден ученик да биде избран. Доколку е потребно гласањето може да се одвива тајно.

**3.Потребни документи за доделување на наградите**

**Член 9**

За доделување на паричните награди се потребни следните документи:

- Допис од страна на директорот на училиштето заврен во архивата, во кој ќе се вметнати следните податоци:
  * Име и презиме на ученикот/ците како и одделение/година во која учи/ат и ЕМБГ;
  * Трансакциска сметка на ученикот или неговиот родител. Доколку се доставува сметка од родител во прилог да се достави и копија од лична карта на родителот;
  * податоци за менторот: име и презиме, наставен предмет кој го предава, транскациска сметка и копија од лична карта;
  * доказ за освоените награди(копии од дипломи или признанија). Доколку се издадени од странство да има превод и заверка на нотар;
  * за првенецот на генерација покрај потребните документи од став 1 точка 1 подточка 1 и 2 од овој член потребно е да се достави и копија од одлука за избор.
  * За веродостојноста на податоците е одговорен директорот на училиштето;

**4.Постапка за доделување на паричните награди**

**Член 10**

Директорот на училиштето е должен во периодот помеѓу 5 и 15 јуни до Секторот за образование на општина Охрид да го достави дописот од член 9 на овој правилник со бараните податоци..

**Член 11**

Пристигнатите дописи, ги разгледува стручна Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Охрид во состав од 3 (три) члена од редот на

вработените во Секторот за образование на општина Охрид. Еден од членовите на стручната комисија се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година со можност за повторно именување.

Член 12

Комисијата за доделување на парични награди работи во полн состав.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата подготвува извештај со предлог и му го доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Градоначалникот врз основа на доставениот извештај, донесува Решение за исплата на парични награди за постигнати успеси на учениците и новните ментори од основните и средните училишта во општина Охрид и првенец на генерацијата .

Против одлуката на Градоначалникот нема право да се поднесе приговор.

Член 13

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Општина Охрид
Градоначалник
Кирил Пецаков